**РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# ЗАПИСНИК
**Од Седмата седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 26 ноември 2019 година,**
**сала Борис Трајковски**

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10:08 часот. Седницата ја отвори и со неа претседаваше г.Никола Попоски, претседател на Националниот совет за евроинтеграции. Со дел од седницата претседаваше потпретседателката на Советот г-ѓа Ивана Туфеџиќ која на крајот ја затвори седницата.

На седмата седница на Националниот совет за евроинтеграции свое обраќање имаше Н.Е Кристиан Тимоние, амбасадор на Република Франција во Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа амбасадори на земјите членки на Европската унија во Република Северна Македонија.

На седницата беа поканети претседателите и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика и Мешовитиот парламентарен комитет РСМ-ЕУ. На седницата присуствуваа претставници од државни институции, граѓански организации, претставници од Службата на Собранието и медиумите.

Од Националниот совет за евроинтеграции на седницата присуствуваа: г.Никола Попоски претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Ивана Туфеџиќ потпретседател на Советот, г.Бујар Османи заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и член на Советот, пратениците и членови на Советот: г. Емил Димитриев, г.Антонијо Милошовски, г.Африм Гаши, г-ѓа Соња Мираковска, г. Илија Николовски, г-ѓа Шпреса Хадри и пратениците заменици членови на Советот: г-ѓа Маја Морачанин и г-ѓа Магдалена Манаскова. На седницата во својство на членови на Советот присуствуваа: г.Александар Спасов претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, г.Бојан Маричиќ претставник од Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, и претставниците на Советот: г.Антони Пешев од Стопанската комора на Македонија, г.Шинази Мемети од Исламска верска заедница, г.Драган Георгиевски од Католичката црква и замениците претставници на Советот г.Зоран Антовски од Сојузот на синдикати на Македонија и г-ѓа Ена Абјаниќ Чаусидис од Католичката црква .

На Седмата седница на Советот беше предложен и усвоен следниот

**Дневен ред:**

*-Усвојување на записник од*
*Шестата седница*
*на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на14.10.2019*

1. **"Најавениот нов пристап кон проширувањето на Европската унија - идеи и предизвици"**

Записникот од Шестата седница одржана на 14 октомври 2019 година беше усвоен едногласно, без забелешки.

**Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски** го поздрави присуството на Н.Е Кристиан Тимоние, амбасадор на Република Франција, за прифаќањето на поканата за негово учество на седницата на Националниот Совет, во еден поширок и инклузивен форум за дебата. Поздравувајќи ги Резолуцијата на Европскиот парламент од 24 октомври и Резолуцијата на Европскиот економско-социјален комитет од 31 октомври годинава, за отварање на пристапни преговори со С.Македонија и Албанија, Попоски истакна дека “нашите очекувања се - новиот состав на Европската комисија да ја зачува европската перспектива на земјите од Западен Балкан. Како граѓани на земја кандидат за членство во Унијата, имаме особено голем интерес за идеите и очекувањата од најавениот нов пристап, кој доколку се прифати од земјите-членки на Унијата, очекувано е да воспостави нови правила кои ќе се одразат на преговарачкиот процес, чиј датум за почеток го очекуваме уште од 2009 година, со првата препорака од Европската комисија”.

**Во обраќањето пред Националниот совет, амбасадорот на Република Франција Н.Е Кристиан Тимоние*,*** истакна дека никој не треба да ги оспорува намерите на Францускаta Република во однос на европскиот проект кој ќе продолжи да се спроведува за целосно интегрирање на земјите од Западен Балкан во една реновирана Европска унија.Не постојат никакви стравувања во однос на доаѓањето на други земји членки во Унијата, но потребно е тие земји да бидат доволно силни и подготвени за да можат да го спроведат заедничкиот европски проект. Недобивањето на датум за почеток на преговорите не е историска грешка, туку е историска шанса да се создаде нов функционален и побрз систем на интегрирање од претходниот, кој според предлогот во Францускиот нон пејпер за реформирање на процесот на пристапување во ЕУ, ќе се постигне преку 4 принципи и 7 фази на пристапување. Обновениот пристап треба да се заснова на принципите на: постепено пристапување, строги услови, конкретни придобивки и реверзибилност. Принципите од новата методологијата за пристапување во ЕУ важно е подеднакво да важат за сите земји од Западен Балкан кои се стремат да станат членки во ЕУ. Методологијата предвидува етапно, постепено напредување, функционирање на правосудството, конкретен бенефит за земјите, но и ревизибилност за процесот. “Посакуваме процесот да заврши до крајот на јануари, што ќе овозможи да се трасира патот кон Загреб на подоверлив начин. За тоа ќе треба и новата Европска комисија да одговори на нашите желби, но исто така треба и државите членки да се покажат конструктивни” - изнесе во обраќањето амбасадорот Тимоние. Од државата се очекува да

продолжи со спроведувањето на реформите во клучните области и да се покаже напредок во донесување на потребните закони особено законот за специјалното јавно обвинителство.

Во обраќањето пред Националниот совет за евроинтеграции, **Заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, г.Бујар Османи** истакна дека седницата на Советот претставува вистинска платформа за дебата каде може да се направи пресек на севкупниот процес на европските интеграции по октомврискиот самит на ЕУ. Во однос на новиот документ - Нон пејперот за реформа на методологијата изготвен од Францускаta Република, многу е важно што на само еден месец од октомврискиот самит Франција излезе со конкретна иницијатива која претставува добра основа за враќање на европските интеграции на вистинскиот колосек. Според Османи, земјата се наоѓа пред нов предизвик и потребно е конструктивно да се пристапи на потребата на ЕУ за реформа на процесот на проширување. "Намерите се добри и чесни, очигледно е чувството дека бирократскиот процес на преговори не ги дава резултатите, но ние не се плашиме од реверзибилност на процесот.Политичките блокади беа причина за застој досега, така што техничките препреки ќе се надминат". Вицепремиерот Османи нагласи дека заслугата за постигнатите резултати е на сите досегашни влади, и дека во рамки на иницијативата на Франција, треба како држава да дадеме што е можно поквалитетен придонес со цел во соодветно време да добиеме нова и квалитетна методологија. Нема дилема дека државата во октомври беше подготвена да добие датум за преговори и токму од таму доаѓа разочарувањето. Транспонирани се 3.000 правни акти на ЕУ од вкупно 7.000 или 1/3 од усогласувањето со европското законодавство. Направени се работи што ниту една друга држава ги нема постигнато пред да започне со преговори. Сепак, нагласи дека "продолжуваме со реформите не заради ЕУ туку заради нас самите". Ја повика опозицијата на конструктивност и до пролет да се донесе законот за јавното обвинителство за да се тргне и таа забелешка пред Самитот во Загреб следната година.

**Претседателот на Националниот совет за евроинтеграции г. Никола Попоски** оцени дека постојат две главни причини за недонесувањето на одлука за почеток на преговорите - првата е дека земјите-членки не сметаат дека ова прашање е многу критички важно за нив и втората дека јавноста во земјите-членки не создаде притисок кон Европскиот совет за донесување на одлука. Според Поповски, ова е привремена ситуација и од особена важност ќе биде државата да се прилагоди на одлуката на Европската унија во однос на проширувањето, по завршувањето на овој процес. Промената на методологијата нема да им наштети на Македонија и Албанија, туку најмногу ќе се одрази на Србија и Црна Гора, кои веќе преговараат. Од сегашните барања на Франција сè може да се примени и со актуелната европска регулатива освен пристапот до структурните фондови. Попоски смета дека одлуката на ЕУ ќе зависи од три фактори: внатрешната политика во земјите-членки на ЕУ; односите меѓу членките во Унијата и позицијата на ЕУ во однос на светот. Според истата логика се и трите решенија како приоритетни за земјата: уредување на внатрешната политика; уредување на односите меѓу земјите односно градење на добрососедски односи, и вербата за државноста и мотивот за самостојно справување со внатрешните проблеми. Попоски укажа на потребата власта да го смени односот кон опозицијата и граѓанското општество и потребата за транспарентност во процесот. "Првиот чекор треба да биде ревидирање на пристапот за водење преговори од Македонија кон ЕУ, оној што го имаме во моментот е нетранспаретност, затворена седница на влада, да се донесе програма за тоа кој ќе ги води преговори, како и во кој правец тие ќе се одвиваат", истакана Попоски.

**Потпретседателката на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Ивана Туфегџиќ** смета дека Нон-пејперот на Француската Република е прашање кое би требало повеќе да се дискутира во рамки на Европската унија, затоа што документот е предлог на една земја-членка на Унијата. Туфегџиќ е согласна дека потребна е реформа на процесот на пристапување во ЕУ бидејќи истиот трае предолго и нема доволно механизми за ефективно мерење на евроинтегративните процеси. Оцени дека со недонесувањето на одлука од Европскиот совет за почеток на преговорите, се доведе во сериозно прашање кредибилитетот на ЕУ, а со тоа е доведена во прашање и европската преспектива на земјите од Западен Балкан. Размислувањата на претседателот на Франција, дали земјите од Западен Балкан треба да бидат земји-членки на Унијата или да им се понуди друга форма на партнерство со ЕУ, треба да се разјасни од страна на европските лидери. Туфегџиќ изрази негодување што постојат конфузни пораки од лидерите на ЕУ за иднината на земјите кандидати и негативно се одразуваат на расположението на граѓаните за европската перспектива. Беше упатено прашање до Францускиот амбасадор Тимоние - уште колку нови документи ќе добие Македонија додека 14 години чека датум за почеток на преговорите. Туфегџиќ потсети дека очекувањата на младите дека државата ќе стане членка на ЕУ најдоцна до 2025 година е базирано на дадената изјава на претседателот на Европската комисија Жан Клод Јункер.

**Членот на Националниот совет за евроинтеграции г-ѓа Шпреса Хадри** изрази задоволство што покрај недобивањето на одлуката за датум за отпочнување на преговорите од Европскиот совет, Нон пејперот на Француската Република е тема за дискусија пред да биде усвоен од страна на ЕУ. Се надева дека ќе бидат земени во предвид и разгледани евентуалните забелешки од дебатата за документот. Со реафирмација на поддршката за европската перспектива на земјите од Западен Балкан покрај разочарувањето повторно се влева надеж јасно потврдувајќи дека главната цел на преговорите е полноправното членство во ЕУ засилено со нови критериуми. Според пратеничката Хадри, државата е подготвена за реформа во процесот на проширување на Европската унија и смета дека секогаш постои можност за развој во однос на процесот на зачленувањето во Европската унија и европската перспектива.

**Членот на Националниот совет за евроинтеграции г. Емил Димитриев** смета дека нон пејперот за реформирање на процесот на пристапување во ЕУ ќе биде прифатен од Европската комисија со оглед дека е предложен од влијателна земја членка на ЕУ. Тоа може да помогне во подобрување на капацитетот и подготвеноста на нашата земја за отпочнување на преговорите со Европската унија. Според Димитриев време е државата да добие датум за почеток на преговорите и уверен е дека предложените критериуми не се злонамерни кон аспирантите и имаат апсолутно оправдување од аспект на националните политики на земјите кои што ги предлагаат. Главните поенти во нон-пејперот на Франција се тоа дека Европската унија ја задржува позицијата на отвореност што е многу важно за нашата земја и во документот не се предлага алтернатива на полноправно членство на земјите од Западен Балкан. Овие поенти ветуваат многу и даваат надеж, подобро да се подготви земјата во процесот на пристапните преговори.

**Членот на Комисијата за европски прашања г. Бетиан Китев** истакна дека предлогот на Франција го рехабилитираше процесот на проширување по недонесувањето на одлука на Европскиот совет и дава шанса за дополнително одржување на оптимизмот за ЕУ агендата на Македонија. Китев потсети дека Француската Република на 29 и 30 април годинава промовираше Стратегија за Западен Балкан која кореспондира со Берлинскиот процес и содржи 4 фундаменти: економски и социјален развој на земјите од Западен

Балкан, подобра безбедност, реформи во правосудството и инвестиции во одбраната. Китев оцени дека постои судир на француските позиции и стравувањето на Франција дека со секое ново проширување се загрозува нејзината позиција во ЕУ. Убеден е дека односот кој го има Франција, за пристапниот процес да биде скалест и реверзибилен, е момент за кој треба да се изјаснат и останатите земји-членки, но треба да се размисли дали и тоа решение ќе биде одржливо на долг рок.

На крајот на седницата, **амбасадорот на Република Франција Н.Е Кристиан Тимоние** во завршниот говор истакна дека проширувањето на ЕУ не претставува цел сама по себе, туку проширувањето треба да се направи за да се зајакне Европа, но исто така да ги зајакне и земјите кои сакаат да се приклучат кон Унијата и да го дадат својот придонес кон посилна Европа. "Го разбираме нетрпението, и ќе помогнеме со нашето присуство. Во моментот преговараме за правните рамки и потпишувањето со Француската Агенција за развој" истакна амбасадорот Тимоние. Француското јавно мислење е европско, граѓаните бараат Европа која е способна да ги заштити внатре понекогаш од нелиберални појави, но и надвор од нелојална конкуренција. Намерата со новата методологија е да се постигне заеднички успех во проширувањето, а земјите кои пристапуваат да бидат доволно подготвени и компатибилни да го спроведуваат заедничкиот европски проект.

**Потпретседателката на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Ивана Туфегџиќ** истакна дека ниту Северна Македонија, ниту граѓаните, ниту власта, ниту опозицијата бараат проширување заради проширување, сите се свесни дека критериумите и борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и владеењето на правото е во интерес пред се на граѓаните, не само на Европската Унија.

**Потпретседателката на Националниот совет за евроинтеграции, г-ѓа Ивана Туфегџиќ** ја затвори седницата на Советот и се заблагодари на сите за присуството и дадениот придонес во дебатата.

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции заврши во 11.30 часот. Составен дел на овој Записник се стенографските белешки од Седмата седница и списокот на присутни членови и претставници на Советот, и нивни заменици.

31-1312/1
11-02-2020

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**
**Никола Попоски**

Раководител на Секторот за поддршка на
Националниот совет за евроинтеграции,
Даниела Велковска

Изработил: Јасмина Трпкова Ќурапова
Контролирал: Целе Најдески
Одобрил: Даниела Велковска